## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за помилување |
| Одговорно лице и контакт информации: | jhalili@mjustice.gov.mk<br>n.prokopenko@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | _________.04.2022 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | _____________2022 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | _____________2022 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | _____________2022 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Постојниот Закон за помилување е донесен 1993 година и беше предмет на измени и дополнувања. Согласно Законот за помилување, Претседателот на Република Македонија дава помилување на поименично определени лица осудени за кривични дела предвидени со закони на Република Македонија согласно со одредбите на Кривичниот законик и одредбите на тој закон. Со законот се определува постапката за помилување, можноста на овластен круг на лица да поднесат молба за помилување, како и да можат повторно да поднесат молба за помилување по истекот на одреден рок од донесената одлука по претходната молба. Со Законот се уредува и обврската и овластувањата на судот и казнено-поправната установа веднаш да ја спроведат т.н. претходна постапка за помилување, да дадат претходни податоци за донесување одлука и списите да ги достават до Министерството за правда. Министерот за правда комплетираните списи со потребните податоци за одлучување и со свој предлог ги доставува до Претседателот на Република Македонија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување донесен на 27 јануари 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009) со цел да се отстранат недостатоците и празнините од постојниот закон, кои произлегуваат од неговата практична примена, попрецизно беа нормирани, односно изменети и дополнети се одредени прашања регулирани со законот.

Со дополнување на одредбата за давање помилување на поименично определени осудени лица проширена е можноста помилување да се даде и на лица осудени за кривични дела пропишани со кривичен закон на друга држава, доколку сторителот е македонски државјанин и казната ја издржува во Република Македонија, врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или на меѓународен суд ако е тоа определено со меѓународен договор, или ако постои реципроцитет или ако санкцијата ја изрече и домашниот суд според Кривичниот законик. Новина во овие измени и дополнувања беше дека помилување не може да се даде на лица осудени за одредени кривични дела и на лице државјанин на Република Македонија кое издржува казна во Република Македонија, а е осудено со пресуда на Меѓународен кривичен суд. Исто така, беше пропишано дека помилување не може да се даде на лица осудени за: кривични дела против изборите и гласањето од Глава шеснаесетта од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99. 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08 и 139/08), кривични дела против половата слобода и половиот морал од Глава деветнаесетта од Кривичниот законик сторени спрема деца и малолетни лица; кривично дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 и кривично дело овозможување на употреба на наркотични дроги од член 216 од Глава дваесетипрва и кривични дела против човечноста и меѓународното право од Глава триесетичетврта од Кривичниот законик. Основната цел да не се дава помилување за наведените кривични дела беше превенција од вршење на овие кривични дела

во иднина, како и сузбивање и истакнување на важноста за заштита од кривичните дела.

За да се постигне брзо и ефикасно спроведување на постапката за помилување одредено е казнено-поправната установа во рок од осум дена до надлежниот суд да даде извештај за поведението на осуденото лице, а се предвидуваат и рокови од 30 дена за постапување по молбите за помилување на судот и Министерството за правда.

Комисијата за помилување формирана со одлука од Претседателот на Република Македонија при подготвување на предлозите за помилување треба да ги има предвид следните критериуми: природата, видот и тежината на извршеното кривично дело; личноста на осудениот и неговиот поранешен живот, поведението на осуденото лице по осудата и за време на издржувањето на казната, односот спрема извршеното кривично дело, поранешната осудуваност, постигнатиот степен на ресоцијализација, возраста и здравствената состојба на осудениот и неговите семејни прилики, и влијанието на актот за помилување врз средината од каде потекнува осудениот и средината каде го извршил кривичното дело.

Со цел помилувањето да се дава на осудени лица само по пропишаната постапка за помилување со точно наведување на околностите што се однесуваат на личноста на осудените лица и на кривичното дело кое го извршиле, беше избришан членот 11 од Законот за помилување.

Помилувањето на осудените лица се дава за одредени кривични дела во само по пропишана итна постапка постапка со одредени рокови, со цел превенција од вршење на кривичните дела за кои не може да се даде помилување, како и сузбивање и истакнување на важноста за заштита од кривичните дела.

Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на адвокатот Ристо Китевски од Охрид, донесе решение по. У.бр. 19/2016-0-0 од 24.02.2016 година, со кое се поведува постапка за оценување на уставноста на **Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009).**

Уставниот суд на Република Македонија на седницата одржана на 16 март 2016 година, донесе Одлука под У.бр. 19/2016 од 16 март 2016 година:

1. СЕ УКИНУВА Законот изменување и дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија". ( 28 март 2016 година)

Со наведената Одлука Уставниот суд со мнозинство гласови го укина Законот изменување и дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009), четири уставни судии по нивното гласање против Одлуката под У.бр. 19/2016 од 16 март 2016 година за укинување на Законот изменување и дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009) и писмено го образложија своето издвоено мислење.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 мај 2016 година донесе Закон за дополнување на Законот за помилување („Службен весник

на Република Македонија” бр. 99/16) со кој во Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/93) по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Претседателот на Републиката може во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој закон да го поништи помилувањето дадено без претходна постапка за помилување.

Претседателот не е должен да ја образложи одлуката од ставот 1.

Лицето за кое е донесена одлука за помилување има право до претседателот на Републиката да поднесе барање за поништување на одлуката за неговото помилување.

Претседателот на Републиката е должен во рок од 30 дена од денот на донесувањето на барањето од ставот 3, да ја поништи донесената одлука.“

Овој закон влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”. (20 мај 2016 година)

Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе решение од 27.11.2019 година, со кое се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија” бр. 99/16).

Собранието на Република Северна Македонија на 123 седница одржана на 11 декември 2019 година ја разгледа иницијативата за автентично толкување на членот 11 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/93), поднесено од пратениците Сашко Костов и Диме Велковски.

Со решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 163/2016 година од 18 ноември 2020 година беше запрена постапката за оценување на уставноста на Законот за дополнување на Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2016).

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Причините за донесување на Законот за помилување произлегуваат пред се од недостатоците и празнините од постојниот закон, како резултат од неговата практична примена, како и од потребата за попрецизно нормирање на одредени прашања регулирани со престојниот закон, како и посоодветно легислативно уредување на материјата. Изнаоѓање на вистински решенија во согласност со препораките на Европски суд за човекови права и генералните принципи на законите на Европската унија. Имајќи предвид неопходноста од итност на постапката со законот се предвидуваат рокови за постапување по однос на молбата и одредување на фазата за поднесување на молба.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на Законот е да се подобри уредувањето на помилувањето како институт, да се елиминират недостаците во сегашниот закон со конкретна и унапред утврдена фаза на отпочнување на постапката за помилување и одговорно постапување при спроведување на постапката по поднесено барање.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Регулатрона Мерка: Да се донесе нов закон за помилување

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

Ќе има Фискални импикации за Министерството за правда и Претседателот на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 12 став (4) од предлог Закон за помилување членовите на Комисијата за помилување при Министерство за правда имаат право на месечен надоместок во висина од една просечната месечна исплатена нето плата по вработен, за претходниот месец на ниво на Републиката Северна Македонија. Комисијата за помилување во Министерството е составена од министерот за правда кој е член по службена должност и шест членови со мандат од четири години.

Претседателот на државата може да формира Комисија за помилување како советодавно тело, бројот на членовите и надоместокот за работата на членовите на Комисијата ги утврдува Претседателот.

### *4.2 Социјални влијанија*

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

НЕМА

### *4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Нацрт текстот на Законот ќе биде објавен на ЕНЕР и по завршувањето на консултациите ќе се пристапи кон неговото усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија. Законот беше изготвен од работна група составена од претставници од сите релевантни институции, а за Предлогот на законот ќе биде организирана и јавна расправа.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислење ќе биде побарано од Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии, Претседателот на Република Северна Македонија, Врховниот суд и други релеванти институции.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Според предлог Закон за помилување Претседателот на Република Северна Македонија дава помилување на поименично определено лице за кривични дела предвидени со закони на Република Северна Македонија согласно со одредбите на Кривичниот законик и одредбите на Законот за помилување. Со законот се определува постапката за помилување, можноста на овластен круг на лица да поднесат молба за помилување, како и да можат повторно да поднесат молба за помилување по истекот на одреден рок од донесената одлука по претходната молба. Како резултатот од компаративните анализи со земји членки на Европската унија како и регионот со предлог законот предвидена е постапка за помилување да се поведе по правосилноста на пресудата.

Со Законот се уредува и обврската и овластувањата на судот и казнено-поправната установа веднаш да ја спроведат т.н. претходна

постапка за помилување, да дадат претходни податоци за донесување одлука и списите да ги достават до Министерството за правда. Министерот за правда комплетираните списи со потребните податоци за одлучување и со свој предлог ги доставува до Претседателот на Република Македонија.

Во рамките на законот е предвидено Министерот за правда да формира Комисија за помилување, Комисија за помилување во Министерството која ќе ги разгледа барањата за помилување. Комисијата е составена од министерот за правда кој е член по службена должност и шест членови со мандат од четири години. Предвидена е и начинот на работата како и донесувањето на одлуките на Комисијата. Претседатетот на Република Северна Македонија исто така може да формира Комисија за помилување како советодавно тело, бројот на нејзините членови ги определува Претседателот.

Заради неопходноста од итност на постапката со законот се предвидуваат рокови за постапување како и прекршоцни санкции за нај вискоте функционери на институциите Комисјата за помилување при Министерство за правда и извршителите за постапување по барање на молбата доколку не се постапува во предвидените рокови. Опфатени со прекршоцните одредеби се: директорот на казнено попровната установа и службеното лице кои нема да постапат во предвидениот рокот, министерот за правда и службеното лице од Министерството за правда кои нема да постапат во предвидениот рок и министерот за правда и членовите на Комисијата во Министерството за правда кои нема да постапат во предвидениот рок.

Извршено е и терминолошко усогласување на одделни називи и поими и урдување на формата и содржината на молбата испратено до Претседателот на Република Северна Македонија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Паралелно со донесувањето на овој закон се изготвува и нов Кривичен законик во кој прашањата поврзани со Законот за помилување се хармонизирани и се уредени на ист начин.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Претседател на Република Северна Македонија, Министерство за правда, Управа за извршување на санкции- (казнено-поправната установа), судот кој ја изрекол пресудата во прв степен.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Законот да биде донесен и да стапи во сила.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Преку Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата, со анализа на податоците достапни при постапување по молбите преку кои ќе се верификува процесот на спрведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на регулативата како и верификација на активносите кои се извршени.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

По истекон на секоја година и по 5 години од почетокот на примената на законот кој што се предлага со оваа проценка на влијанието на регулативата.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** ______________

..................................................

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 15-04-2022

............................................

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë ... МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË ... Скопје-Shkup

**потпис на министерот**